**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.03.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 915/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 09 март 2026 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

   - **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има* **најмалку: ...20 (дваесет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата,** *ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека РД НАША ТВ ДООЕЛ Скопје **не ги исполнува минималните кадровски услови** утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** Врз основа на увид во Податоците од службените евиденции на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (наш бр.03-912/1 од 09.03.2026 година) констатирано е дека бројот на вработени во РД НАША ТВ ДООЕЛ Скопје **на 09.12.2025 година изнесува 7, на 09.01.2026 година изнесува 6, на 12.02.2026 година изнесува 6, а на 09.03.2026 година изнесува 9 лица.**

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***